# Дизајниран наставен план за учење базирано на проекти (PBL)

Наставник: Милица Дончева

Училиште: СОУУД „Димитар Влахов“

Место: Струмица

| | |
|---|---|
| **1. Тема и водечко прашање на проектот** | Како ние моежеме да помогнеме за развој на локалниот пазар на земјоделски производи во Струмичкиот регион? |
| **2. Наставен предмет (предмети од меѓупредметна настава) / содржини програмирани од училиштето / воннаставни активности** | -Маркетинг на земјоделски производи<br>- Агромаркетинг<br>- Агроменаџмент<br>- Бизнис и претприемништво<br>- Информатика (наставници Соња Ташева, Македонка Гоџирова Попова во делот на креирање дигитална платформа) |
| **3. Резултати од учењето (РУ):**<br>- **Знаења**<br>- **Вештини**<br>- **Ставови** | Знаења: опишува и спроведува чекори во маркетинг истражувачкиот процес, класифицира потрошувачи и фактори на сегментација на пазарот, избира целен пазар и врши позиционирање и репозиционирање на пазараот, поставува и распределува функции на менаџментот, презентира информации за донесување на макетиншки одлуки<br>Анализа: анализира видови податаци, анализира методи и видови на истражување на пазарот, анализира потрошувачи во процесот на купување.<br>Ставави: развива позитивно решение, создава дигитална платформа како резултат од истражувањето |
| **4. Клучни компетенции** | - Критичко размислување, креативност и иновации, комуникација, колаборација, одговорност, дигитална писменост |
| **5. Целна група** | I, III и IV година од секторот земјоделство, рибарство и ветеринарство |
| **6. Број на часови и време/период на реализација** | Потребно време на реализација 40 дена<br>Истражување 5 дена, анализирање 5 дена, решение дизајнирање на дигитална платформа за продажба на земјоделски проиводи 25 дена, презентација на крајното решение – продукт дигитална платформа АгроБуст во време од 5 дена |
| **7. Очекувани резултати (мерливи и видливи, кои произлегуваат од дефинираните активности на проектот)** | Применување дигитална платформа за продажба на земјоделски производи, применува полесен пристап до пазарот на земјоделски производи од Струмичкиот регион , покажување на интерес за дигиталната платформа |

Funded by the European Union

ФОНДАЦИЈА ТЕМПУС

| | |
|---|---|
| **8. Сценарио – Процес на истражување и создавање, изразени преку активностите на учениците** | Истражување:<br>Учениците вршат истражување за потешкотиите кои ги имаат земјоделските производители за продажба на своето производство, вршат истражување на пристапот до пазарот – инфраструктура, далечина на пазар, условите кои ги нудат постоечките пазари, истражување на пиларите кои продаваат земјоделски производи, собираат информации преку анкетирање на земјоделските производители за идејното решение „Дали би им помогнал онлине пазарот на своите производи и кои се предности?“, како и анкетирање на потрошувачите „Кои се предности на купување земјоделски производи директно од земјоделецот - онлине? и Кои се недостатоци од купување на земјоделски производи онлине?“ на лица кои имаат интернет пристап и лица кои имаат одреден степен на дигитална писменост, преку Mentimetar, Google forms<br>Анализира:<br>Внесува податоци од веќе добиените истражување, врши анализа на информациите кои ги има од терен преку Google sheets, вршење анализа на мислењата на земјоделските производители за формирање на решение за пласирање на своите производи за продажба, анализира податоци добиени од направените анкети на производителите и потрошувачите.<br>Решение:<br>Врз основа на сите добиени податоци од истражувањето, на сметка на направените анализи на сите податоци, потешкотии во инфраструктурата и далечината на пазарите, кои создаваат дополнителни трошоци за транспорт, големи осцилации во цената на чинење на продизводите во „пиљарите“ се донесува една заедничка одлука на целокопниот тим, да се создаде една дигитална платформа, која ќе го олесни патот на продажба на производите, со кои би се надминале сите недостатоци, а со кои би можело и да се планирала продажбата на земјоделските производи во смисла дека потрошувачите би можеле да нарачуваат пресни производи за продажба. На таа платформа земјоделците покрај продажбата која им се нуди како олеснување, ќе имаат можност и да се запознаат и со новостите кои ги нуди државата во делот на субвенционирањето, некоја ЕУ подршка, ќе имаат директни линкови до пристап на соодветните институции за аплицирање, ќе се информираат за новите технологии во земјоделството.<br>Би можеле исто така да се рекламираат како производители, исто така може да се рекламираат бесплатно и компаниите со кои нашето училиште има склучено меморандуми и договори за соработка за УПР, како резултат на добрата комуникација.<br>Како би можеле земјоделците да ги користат услуги кои ги нуди платформата, тоа ќе биде преку едноставно зачленување во платформата, која би била бесплатна, а |

| | |
|---|---|
| | одржувањето на платформата ќе биде од страна на учениците бесплатно, и тоа би бил на некој начин „унифициран“ продукт на нашето училиште направен од ученици, како резултат на унапредувањето на технологијата во земјоделството.<br>Презентација:<br>Ќе се врши презентирање на конечниот резултат или продукт преку јавна презентација во населените места во Струмичкиот регион, презентирање на платформата и за потрошувачи за да може да се запознаат на кој начин може да пребаруваат и да купат производ, преку летоци кои ќе информираат дека постои таква платформа, флаери кои ќе ја прикажат платформата во најкратки црти, на кои ќе биде објаснето олеснувањето од нејзината примена, видео реклама на која креатори би биле самите ученици. |
| **9. Потребни ресурси (вклучувајќи проценка на трошоците, доколку е неопходно да се обезбедат финансиски средства)** | Патни трошоци (не би биле големи, затоа што нашиот град има Градски превоз кој има бенефити за редовни ученици, и би ги опфатиле селата кои спаѓаат под самата општина Струмица), финансиски средства за летоци и флаери (би можеле да ги покриеме како спонзорство од компаниите со кои соработуваме), Интернет ресурси, комјутер, domain (простор кој ќе се купи за да може платформата да биде наша). |
| **10. Методи на оценување:**<br>**- Формативно**<br>**- Сумативно** | Формативно: Набљудување (како тече истражувањето, како тимот врши анализа на собраните податоци, во креирање на крајниот продукт), Контролни листови, Групна дискусија, самооценување (Тимска работа или работа во група), Canva app, Google sheets, Mentimetar |
| **11. Инклузивност (мерки за поддршка):** | Распределување на задачите според способноста, Визулена подршка |
| **12. Рамка со јасни критериуми за оценување на активностите** | (see table below) |

| Критериуми | Индикатори | Одлично (4) | Добро (3) | Потребно е унапредување (1-2) |
|---|---|---|---|---|
| **Иновација и креативност-работен процес** | Предлага повеќе од едно решение; Користат точни термини | Предлага оригинални и практични решенија за продажба на земјоделски производи | Креативност со мали ограничувања | Недостиг на креативни идеи |
| **Тимска работа** | Сите членови имаат улога; Се земаат во предвид сите | Сите допринесуваат и соработуваат | Добра соработка со мала комуникација | Поголем дел не учствуваат и лоша комуникација |

Funded by the European Union
ФОНДАЦИЈА ТЕМПУС

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | мислење и идеи пред финална одлука | | | |
| | **Конечен производ** | Функционален и едноставен производ; Прифаќање на производ | Квалитетен и применлив производ | Прифатлив производ со ограничена примена | Непрактичен производ |
| | **Презентација** | Јасна презентација; Визуелна подршка – реклами, летоци, флаери | Јасно и убедливо | Основна, недоволна презентација | Лоша и неструктуирана презентација |
| **13. Евалуација по имплементацијата на проектот во споредба со дадениот опис на системот за оценување (со докази, формулар за самоевалуација, анализа на евалуациските листови за учениците)** | Учениците дискутираат кои предизвици ги сретнале и како нивните решенија може да се применат, формулари за самоевуалација на учениците, формулар за самоевалуација на наставникот, анализа на завршената работа, рефлексија на самоевалуацијата како резултат на добиената самоевaулација на учениците и наставникот со можност за надоградување. | | | | |

Во  Струмица

Датум 13.10.2025 година

Наставник

Милица Дончева

Funded by the European Union

ФОНДАЦИЈА ТЕМПУС